Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 мај 2022 година**

**Скопје, мај 2022 година**

# З А П И С Н И К
## од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 мај 2022 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата учествуваа и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Извештај за завршени преговори за усогласување на Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија, со усогласен текст на Договор

2. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за надворешни работи

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за завршени преговори за усогласување на Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија, со усогласен текст на Договор и условно ги донесе следните заклучоци доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по текстот на Договорот:

1. Го усвои Извештајот за завршени преговори за усогласување на Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија.

3. Се определува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија.

### Точка 2

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за надворешни работи, во предложениот текст.

### Точка 3

По оваа точка немаше предлози.

### Точка 4

Во врска со одржување на претстојните сесии на Северноатлантскиот совет на НАТО, на кои предмет на дискусија ќе биде изјаснување на земјите членки на НАТО по однос на итното пристапување на Кралството Шведска и Република Финска во НАТО, Владата го овласти постојаниот претставник на Република Северна Македонија во НАТО, амбасадорот Дане Талески, во име на Република Северна Македонија да даде согласност за прием на Кралството Шведска и Република Финска за членство во НАТО.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:50 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |